## Караванот на поетскиот фестивал „Стихувалки“ во Велес“

Напишано од Igor Krajcev
Петок, 21 Септември 2018 10:02 -

На 12.9.оваа година, Локалната библи



отека „Гоце Делчев“ од Велес, заедно со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ од Велес, беа домаќини на организаторите на поетскиот фестивал „Стихувалки“, кој на својата турнеја низ државата го посети и Велес. Целта на овој караван, како што го нарекуваат официјалните лица на фестивалот е да се промовира творештвото за најмладите, како и да се стимулира творењето за деца, затоа што општ впечаток е дека недостасуваат автори кои ќе творат за деца. Повеќе за ситуацијата околу творештвото за деца, како и за неопходноста од неа, зборуваше промоторот на фестивалот и еден од членовите на жири комисијата, д-р Христо Петрески.

Имено фестивалот започна пред повеќе месеци со повик до авторите кои творат за деца, да испратат свои творби, од кои е направена селекција, и оние кои се оценети со високи оцени се отпечатени во зборник кој носи наслов „Стихувалки 2018“, а од кој, стручна жири комисија ќе одбере прво, второ и трето наградена песна. И присутните на презентацијата, имаа можност да ги слушнат песните и да гласаат за својот фаворит.


CHICAGO
USA
ДУКА МАК
КНИЖАРНИЦА